**20182073744**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018 ГОДИНА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 ноември 2018 година.

Бр. 08- 6530/1
12 ноември 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ број 196/17), по членот 18 се додава нов член 18-а, кој гласи:

„Член 18-а

Средствата утврдени во Раздел 040.01 - Влада на Република Македонија, Потпрограма 16 - Поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми, ставка 425 - Договорни услуги, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија, на предлог на министерот без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.